Овој проект е финансиран од Европската Унија.

# ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ – ПРВА ФАЗА 2022

# ПЛАТФОРМА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

*Краен датум за поднесување на апликациите: 22.4.2022 г. до 16:00 часот.*

*Датум на објавување на повикот: 22.3.2022 година*
*Референтен број на проектот: IPA/2020/421-147*
*Период на спроведување на проектот: 1.1.2021 – 30.4.2024 година*

# СОДРЖИНА


1. ЗА ПРОЕКТОТ ..................................................................................................... 3
2. ЗА ПОВИКОТ ..................................................................................................... 4
3. ПОДОБНОСТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ......................................................................... 4
3.1 ПОДОБНИ АКТИВНОСТИ.....................................................................................5
4. РАСПОЛОЖЛИВИ СРЕДСТВА И ТРОШОЦИ ............................................................ 5
4.1 РАСПОЛОЖЛИВИ СРЕДСТВА...............................................................................5
4.2 ТРОШОЦИ КОИ ГИ ПОКРИВА ПРОЕКТОТ...............................................................5
4.3 ТРОШОЦИ КОИ НЕ ГИ ПОКРИВА ПРОЕКТОТ..........................................................6
5. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ .................................................................................. 6
5.1 ЛИСТА НА ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЦЕЛОСНА АПЛИКАЦИЈА:..............................6
5.2 ПОСТАПКА И КРАЕН РОК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ.........................................................6
6. ОЦЕНА НА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ ........................................................................... 8
6.1 ПРОВЕРКА НА АПЛИКАЦИИ...............................................................................8
6.2 ОЦЕНКА ЗА КВАЛИТЕТ И ПОДОБНОСТ НА АПЛИКАЦИЈАТА....................................8
7. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ......................................................................... 9

# 1. ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот Платформа за инвестиции во заедницата (ЦИП) е финансиран од Европската Унија и се спроведува од Фондацијата Албиз од Скопје, во партнерство со Здружението Мултикултура од Тетово, Центарот за одржлив развој на заедницата од Дебар и Центарот за истражување и анализи НОВУС од Струмица.

Главната цел на проектот е унапредување на капацитетот на локалните граѓански организации за градење меѓусекторски иницијативи кои имаат за цел социо-економски развој на заедниците. Исто така, проектот цели кон зајакнување на капацитетот за собирање средства на локалните заедници преку иницијативи предводени од граѓански организации и јавно-приватни иницијативи.

Проектот се имплементира во Скопје, Тетово, Дебар и Струмица. Проектот е финансиран од страна на Европската Унија. Времетраење на проектот е од јануари 2021 до април 2024 година.

Платформата за граѓански организации, предводена од Фондацијата Албиз и трите партнери, заклучи дека главниот предизвик е поврзан со отсуството на меѓусекторска соработка, проследено со недоволното управување со намерите на приватниот сектор да ѝ помогне на владата во наоѓањето решенија поврзани со заедницата. На ова му претходеа сѐ уште релативно слабите граѓански или грас-рут организации, иако во последно време граѓанските иницијативи (често неформални) покажуваат дека со користење на пристапот „мисли глобално, делувај локално", во комбинација со дигиталните медиуми, добиваат поддршка од локалните бизниси и почит од општините. Сепак, капацитетот за управување со проекти, отчетност и унапредување на меѓусекторскиот пристап (вклучувајќи ги и вештините за нивно управување) на граѓанските организации е на ниско ниво.

Од друга страна, според укажувањата на нашите придружни членки на платформата за ГО, бизнисите најмногу се фокусирани на краткорочни донации и маркетинг, наместо на корпоративна општествена одговорност. Тие претежно одбиваа да бидат вклучени во долгорочно, стратешко финансирање на интервенциите во заедницата, ставајќи ја одговорноста исклучиво на јавниот сектор (додека нивната доверба во граѓанскиот сектор е на слично ниско ниво). Како што покажуваат доказите, на локалните власти често им недостасуваат финансиски средства кога станува збор за инвестирање во локални предизвици, бидејќи централната власт сѐ уште има правна и финансиска моќ да одлучува кои заедници ќе бидат финансирани. Исто така има голем недостаток на соработка со другите сектори.

Како резултат на сите овие околности, најранливите групи како што се младите и жените се соочуваат со потешкотии, што често резултира со нивна невработеност или злоупотреба. Младите всушност се најголема група невработени, додека кај жените е регистрирана најголема економска неактивност. Доколку може да се најдат средства за промена на таквата динамика, заедниците во Северна Македонија можат да имаат корист од зајакнувањето на локалната економија. Затоа локалните граѓански организации се важни, бидејќи тие често ги поддржуваат ранливите групи, но самите имаат ниско ниво на експертиза во работењето со бизнисите и јавниот сектор што ги спречува да ја постигнат оваа цел.

## 2. ЗА ПОВИКОТ

Целта на повикот за ре-грантирање е да обезбеди мотивација и поддршка на локалните граѓански/грас-рут организации да реализираат проекти во заедницата коишто ќе го покажат патот кон подобрена благосостојба на жителите, со фокус на младите и жените.
Специфичната цел на повикот за финансиска поддршка ќе биде да се поддржат меѓусекторски вклучени проекти предводени од ГО на ниво на заедницата коишто ги идентификуваат и помагаат во решавањето на локалните предизвици.

Приоритет ќе им се даде на ГО кои ги вклучуваат младите и жените во одлучувањето, или со нивните активности влијаат на подобрување на нивната социо-економска положба во заедниците.
Вкупно 14 граѓански организации ќе добијат грантови, во две фази: првата фаза се реализира во 2022 година ќе поддржи 7 иницијативи, а втората фаза ќе се реализира во 2023 година и исто така ќе поддржи 7 иницијативи.

Преку финансирањето на граѓанските организации, целта на Проектот е да ги оствари следните резултати:

1. Проекти коишто ќе остават трага во решавањето на предизвиците во заедницата, особено проекти коишто вклучуваат ранливи групи;
2. Документирани и применети меѓусекторски напори за решавање на предизвиците во заедницата;
3. Подготвени или реализирани примери на инвестиции во заедницата, преку вклучување на корпоративна/индивидуална филантропија;
4. Подигнување на свеста и општествената одговорност за инвестиции во заедницата кај сите актери на локално ниво;
5. Активно и директно вклучување на граѓаните во креирањето и спроведувањето на развојни проекти во заедницата, особено жените и младите;
6. Зајакнување на меѓусекторската соработката преку реализирање на кофинансирање од 10% од страна на некој бизнис, јавниот сектор или други донатори.

## 3. ПОДОБНОСТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

На овој повик за ре-грантирање свои апликации можат да поднесат организации коишто се регистрирани согласно со Законот за здруженија на граѓани и фондации, а ги исполнуваат следните критериуми:

1. Да се основани во Република Северна Македонија и регистрирани како здружение на граѓани најмалку 1 година пред објавувањето на овој повик од следните градови: Скопје, Тетово, Дебар и Струмица;
2. Да имаат објавено финансиски и наративен извештај за 2021 година (опционо);
3. Да се членови на Платформата за инвестиции во заедницата, www.cip.mk, односно да имаат испратено Пристапница/Членарина со потпис и печат. Организациите кои веќе се член на платформата нема потреба да испраќаат Пристапница;
4. Да бидат активни и директно одговорни за подготовката и управувањето со проектот;
5. Приоритет имаат организациите коишто работат со проекти за решавање на младинските и женските проблематики.
6. Организациите кои се водечки апликанти или ко-апликанти на ИПА Програмата за поддршка на мрежи и платформи на граѓански организации во Република Северна Македонија со референтен број: EuropeAid/167061/DD/ACT/MK не се подобни како апликанти на овој Повик.

### 3.1 ПОДОБНИ АКТИВНОСТИ

Со повикот за ре-грантирање ќе бидат поддржани иницијативи на граѓански организации со кои ќе се покаже патот кон подобрена благосостојба на жителите, со фокус на младите и жените (листата не е ограничена, можна е поддршка и на други активности доколку се утврди дека тие се во согласност со целите на проектот):

1. Ефикасно вмрежување помеѓу различни сектори засновано на решение за (долгогодишните) предизвици на заедницата;
2. Истражување/анализа што го прикажува или мапира решавањето на предизвиците на заедницата;
3. Ефикасно застапување и лобирање кај јавниот и приватниот сектор за подготвени или реализирани инвестиции во заедницата;
4. Обуки, работилници и кампањи за промовирање, јакнење на свеста, градење на капацитети и подобрување на условите за разни социјални групи на граѓани, особено на млади и жени;
5. Силно се препорачуваат и имаат предност проекти коишто содржат конкретни интервенции или акции на терен со влијание на општеството, а кои се дел од областа на екологијата, социјалната заштита, образованието, животната средина, спортот и културата.

## 4. РАСПОЛОЖЛИВИ СРЕДСТВА И ТРОШОЦИ

### 4.1 РАСПОЛОЖЛИВИ СРЕДСТВА

Вкупниот износ на средствата за финансирање на граѓански организации предвидени за овој повик изнесува 45.500 евра. Детали за буџетот:

1. Буџетите на предлог-проектите доставени на овој повик треба да изнесуваат минимум 5.000 евра, а максимум 6.500 евра;
2. Секоја организација треба да обезбеди мин. 10% (од вкупниот буџет на проектот со кој аплицира) кофинансирање од страна на некој бизнис, јавниот сектор или други донатори (граѓани, дијаспора);
3. Времето на имплементирање на предлог-проектот треба да биде минимум 9 месеци, а максимум 12 месеци;
4. Активностите може да започнат на датумот наведен во договорот за грант, а треба да завршат најдоцна до 15-ти мај 2023 година.

### 4.2 ТРОШОЦИ КОИ ГИ ПОКРИВА ПРОЕКТОТ

Поделбата на трошоците на проценти е наведена подолу:

1. Човечки ресурси – макс. 30% од вкупните прифатливи трошоци;
2. Програмски активности – директни трошоци поврзани со спроведување на проектот – макс. 60% од вкупните прифатливи трошоци;
3. Активности за видливост – макс. 3% од вкупните прифатливи трошоци;
4. Индиректни тропшоци – макс. 7% од вкупните прифатливи трошоци.

## 4.3 ТРОШОЦИ КОИ НЕ ГИ ПОКРИВА ПРОЕКТОТ

1. Трошоци финансирани од друг проект односно донатор или финансирање на проекти чие спроведување е во тек или се завршени;
2. Трошоци за индивидуални цели како спонзорства, школарини за студии, обуки, конференции итн.;
3. Активности креирани за заработка на апликантот;
4. Загуби при размена на валути; загуби или непредвидени давачки на апликантот, односно провизии зазагуби или давачки;
5. Финансирање на трети лица;
6. Давање кредити на трети лица;
7. Купување на недвижнини, мебел, возила, опрема, градежни работи, реконструкција на градежни објекти;
8. Финансирање на активности на политички партии;
9. Исплаќање на минати долгови;
10. Хуманитарни активности;
11. Плати/хонорари на вработени во јавна администрација.

# 5. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

## 5.1 ЛИСТА НА ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЦЕЛОСНА АПЛИКАЦИЈА:

Граѓанските организации треба да ги поднесат нивните апликации со користење на формуларот заапплицирање којшто ги вклучува следните составни делови:

1. Анекс 1: Формулар за аплицирање;
2. Анекс 2: Формулар за буџет;
3. Скенирана копија на последната страница од формуларот за аплицирање (со печат и потпис);
4. Копија од тековна состојба, не постара од 6 месеци од денот на објавување на повикот;
5. Наративен и финансиски извештај за работата на организацијата за 2021 година или линкови до истите (опционо);
6. Работни биографии (CV) на проектниот тим;
7. Копија од ревизиски извештај за 2020 година (опционо);
8. Анекс 3: Список на референци на проекти реализирани во последните 3 години (организации помлади од 3 години - листа на проекти реализирани од нивното основање);
9. Анекс 4: Изјава за двојно финансирање;
10. Анекс 5: Листа на проверка;
11. Анекс 6: Пристапница/Членарина (по потреба).

## 5.2 ПОСТАПКА И КРАЕН РОК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

**Крајниот рок за доставување на апликациите е 22-ри април 2022 година до 16:00 часот.** Апликациите поднесени на овој Повик треба да ги содржат, компјутерски и уредно пополнети, документите коишто се наведени во листата. Апликациите треба да бидат напишани на македонски и албански јазик или англиски јазик.

*Кандидатите се охрабруваат да поднесат предлог-проекти на англиски јазик, земајќи предвид дека имплементацијата на проектот/комуникацијата и известувањето треба да се прават на англиски јазик.
Апликациите треба да се доставуваат во електронска форма на адресата info@cip.mk.

Назнаката на пораката со којашто се доставува апликацијата (subject) треба да биде: *Апликација за грант - Платформа за инвестиции во заедницата – прва фаза 2022*.
Документите треба да бидат пратени исклучиво во формати поддржани од Microsoft Office Word и Excel и .PDF или .JPG доколку станува збор за скенирани документи. Документите не треба да надминуваат тежина од 15MB.
За дополнителни информации во врска со поднесувањето на апликациите заинтересираните апликанти може да се обратат со прашања на info@cip.mk со назнака *[Инфо] Повик за регрантирање,* најдоцна до 11-ти април 2022 година за да може да добијат одговори на време, пред истекот на крајниот рок.
Од страна на Проектот ќе биде организирана и информативна сесија за заинтересираните апликанти, во Скопје, Тетово, Дебар и Струмица.

Во табелата подолу можете да најдете повеќе детали за роковите за процесот на аплицирање:

| **Активност** | **Датум (планирано)** | **Време (планирано)** |
|---|---|---|
| Објавување на повикот | 22.03.2022 | 12:00 |
| Инфо сесија во Скопје | 24.03.2022 | 15:00 |
| Инфо сесија во Тетово | 30.03.2022 | 15:00 |
| Инфо сесија во Дебар | 31.03.2022 | 14:00 |
| Инфо сесија во Струмица | 01.04.2022 | 15:00 |
| Онлајн инфо сесија | 04.04.2022 | 13:00 |
| Поставување на прашања до Фондација Албиз | 11.04.2022 | 16:00 |
| Одговори од страна на Фондација Албиз | 15.04.2022 | 16:00 |
| Објавување на резултатите | 10.05.2022 | 12:00 |
| Потпишување на договори | 17.05.2022 | 13:00 |
| Почетен датум на проектите | 17.05.2022 | - |

.

# 6. ОЦЕНА НА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ

## 6.1 ПРОВЕРКА НА АПЛИКАЦИИ

Ќе бидат земени во предвид само навремено и комплетно доставените апликации.

**Напомена: Секоја организација може да поднесе само една апликација, која останува како евиденција за Проектот и е недостапна за трети лица.**

Поднесените апликации ќе подлежат на административна проверка и проверка на квалитетот на предложените активности и подобноста на апликантите.

Критериуми за избор на овие субјекти и давање финансиска поддршка:
1. Организациски капацитети за спроведување на предлог-проект;
2. Релевантност на предлог-проектот со дефинираните цели и резултати на Повикот;
3. Опис на предлог-проектот (квалитет на предлози);
4. Претходно преземени акции за инвестиции во заедницата;
5. Буџет и ефикасност на трошоците

За целосно поднесена апликација ќе се смета онаа којашто ги вклучува сите целосно пополнети формулари идополнителни документи.

## 6.2 ОЦЕНКА ЗА КВАЛИТЕТ И ПОДОБНОСТ НА АПЛИКАЦИЈАТА

| **Оцена за квалитет и подобност на апликацијата** | |
|---|---|
| **Критериуми** | Поени |
| **1.Организациски капацитети за спроведување на предлог-проектот** | 10 |
| 1.1. Капацитети на организацијата за управување, администрирање и менаџирањена проекти | 5 |
| 1.2. Претходно искуство на организацијата во обласа на посочените теми | 5 |
| **2.Релевантност на предлог-проектот за дефинираните цели и резултати на Повикот** | 20 |
| 2.1. Релевантност на предлог-проектот во согласност со поставените цели и очекувања наведени во повикот | 10 |
| 2.2. Воспоставен систем на управување на организацијата | 10 |
| **3. Опис на предлог-проектот** | 40 |
| 3.1. Соодветствување на предложените активности во предлог-проектот со поставените цели на повикот | 20 |
| 3.2. Концизност на акцискиот план на предлог-проектот | 10 |
| 3.3. Дефинирани индикатори за постигнувања на предлог-проектот | 10 |
| **4. Претходно преземени акции за инвестиции во заедницата** | 10 |
| 4.1. Претходни акции во обласа на општествена одговорност | 10 |
| 5. Буџет и ефикасност на трошоците | 20 |
| 5.1. Колку активностите соодветствуваат со буџетот, каков е односот помеѓу трошоците и резултатите од предлог-проектот | 20 |
| **Вкупно поени:** | **100** |

## 7. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За сите организации коишто ќе бидат избрани на повикот ќе биде организирана задолжителна координативна обука на која проектниот тим ќе даде објаснување за правилата и процедурите на проектот.

Секоја организација ќе добие ментор кој ќе дава насоки, совети и ќе биде вклучен во процесот на исполнување на активностите. Согласно потребите на секоја организација ќе бидат организирани соодветни обуки, со цел организациите да ги зголемат своите капацитети за организациски и програмски развој во согласност со целите на проектот.